ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

ВО 2015

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ

ОБСЕ Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Издавач:
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев

Уредник:
Уранија Пировска

Автори:
д-р Воислав Стојановски
Павле Богоевски
Сања Барлаковска

Лектор:
Даниел Медароски

Подготовка за печат:
СтудиоКРУГ ДОО

Печати:
Маринг ДООЕЛ Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.3/.7:316.647.5"2015"(047)

СТОЈАНОВСКИ, Воислав
Годишен извештај за криминалот од омраза во 2015 година / [автори Воислав Стојановски, Павле Богоевски, Сања Барлаковска]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016. - 61 стр. : граф. прикази ; 27 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Публикацијата е во рамките на проектот: "Зајакнување на националните капацитети за справување со криминал од омраза и говор на омраза". - Содржи и: Raport vjetor për krimet nga urrejtja në vitin 2015 ; Annual report on hate crime in 2015

ISBN 978-608-4790-05-1
1. Богоевски, Павле [автор] 2. Барлаковска, Сања [автор]
а) Криминални дејствија - Нетолеранција - Македонија - 2015 - Извештаи
COBISS.MK-ID 101127946

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
тел: +389 (0)2 3119 073
факс: +389 (0)2 3290 469
веб: www.mhc.org.mk
е-пошта: helkom@mhc.org.mk

СОДРЖИНА

1. ЗА ПРОЕКТОТ **4**

2. МЕТОДОЛОГИЈА **5**

2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми 5

2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите 5

2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза 5

2.4 Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза 6

2.5 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза 6

2.6 Обезбедување информации и ресурси за други граѓански организации 6

2.7 Учествување во обучувања и настани организирани од ОБСЕ/ОДИХР 6

3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ **7**

3.1 Контекст 7

3.2 Број на инциденти 7

3.3 Видови злосторства 8

3.4 Инциденти според локацијата 9

3.5 Инциденти по месец 9

3.6 Инциденти според пристрасна мотивација 10

3.7 Жртви и сторители 10

3.8 Статус на случаите 11

4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ **12**

4.1. Следење на националните печатени и електронски медиуми 12

4.2. Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите 12

4.3. Следење судски случаи на злосторства од омраза и одговор од страна на судството 14

4.4. Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза 16

4.5. Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза 17

4.6. Соработка со граѓански организации за подигнување на јавната свест 17

4.7. Подигнување на свеста во средните училишта во кои се регистрирани инциденти од омраза 18

4.8. Работна група за измени на легислативата за злосторства од омраза 18

4.9. Одбележување на 22 Јули - Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза 19

5. ЗАКЛУЧОЦИ **19**

6. ПРЕПОРАКИ **20**

АНЕКС **21**

Инциденти на злосторства од омраза во 2015 година 21

1. ЗА ПРОЕКТОТ

Овој извештај е резултат на проектот „Зајакнување на националните капацитети за справување со криминал од омраза и говор на омраза“, финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а спроведен во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2015 г. Главната цел на проектот е да се зголеми разбирањето и да се засили капацитетот на институционалните и граѓанските општествени чинители за ефикасно справување со злосторството од омраза и говор на омраза во согласност со домашното законодавство, заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди. Една од главните цели на проектот е да се зголеми капацитетот на правните практичари и граѓанското општество за проследување и пријавување појави на злосторства од омраза во земјата. Овој извештај се предвидува да послужи како индикатор на опсегот, природата и зачестеноста на злосторствата од омраза извршени во земјата.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХК) дејствуваше како извршен партнер и ги спроведе следниве активности во однос на злосторствата од омраза:

1. Понатамошно следење инциденти/ злосторства од омраза со посебно внимание на насилство во спортот мотивирано од пристрасност;

2. Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите на злосторства од омраза;

3. Следење судски процеси и одговор на судството во одредени случаи на злосторства од омраза на различни заштитени карактеристики;

4. Ревидирање на пријавените злосторства од омраза и придонес во Годишниот извештај на ОДИХР за злосторства од омраза и инциденти во регионот на ОБСЕ;

5. Одржување, обновување и превод на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.mk;

6. Соработување со граѓански организации за подигнување на свеста во врска со концептот за злосторства од омраза;

7. Преземање активности за подигнување на свеста во средните училишта каде се регистрирани инциденти од омраза;

8. Учество во Работната група за измена на легислативата за злосторства од омраза; и

9. Одбележување на предложениот Ден на жртвите од злосторства од омраза

2. МЕТОДОЛОГИЈА

2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК е претплатен на голем број дневни весници со различни идеолошки наклонетости и политичка припадност. Следењето на електронските медиуми се вршеше секојдневно, преку двата најпознати генератори на вести на интернет (www.time.mk и www.grid.mk), како и со користење напредни опции за пребарување под одделот „Вести“ на www.google.com. Штом ќе се забележеше злосторство од омраза или инцидент, МХК го запишуваше насловот на сторијата и интернет-врската и го објавуваше на веб-страницата за пријавување злосторства од омраза - www.zlostorstvaodomraza.mk. Главната цел на следењето медиуми беше да се откријат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се стапи во контакт со наводните жртви заради интервју и да им се понуди можна бесплатна правна помош или судско следење на нивниот случај

2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви

Секогаш кога ќе се идентификуваше и воспоставеше контакт со наводната жртва, МХК ги нудеше своите бесплатни услуги за правна помош. Се договараа средби со жртвите и нивните семејства. Средбите се одржуваа во канцеларијата на МХК или на локација по предлог на жртвата. За време на средбите, се правеше интервју. Во случаи кога стануваше збор за наводен инцидент/ злосторство, се земаше писмена изјава и жртвата беше замолувана да пополни стандарден формулар за барање бесплатна правна помош. Во продолжение, од жртвите се бараше да достават копии од документи значајни за нивниот случај. На жртвите им беше давана поддршка во форма на охрабрување, придружба до полициска станица, изнаоѓање бранител кој би ги застапувал бесплатно, пишување кривични пријави, комуницирање со бранители кои веќе работат на случајот и пишување поднесоци во нивно име. Исто така беше нудено следење на случајот пред и за време на судењето

2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза

Судско следење од страна на МХК започнуваше: 1) по формално барање за бесплатна правна помош поднесено во МХК од личност во кривична постапка поврзана со злосторства од омраза; и 2) по информација добиена од судот во врска со закажано судење и судење во тек поврзано со злосторства од омраза. Пред набљудувачот од МХК да започне со судското следење, а по формалното барање, личноста која го поднесуваше барањето беше замолена да обезбеди целосна документација поврзана со нејзиниот случај (т.е. фотокопии од сите правни документи собрани за време на постапката во домашните судови или други институции). Откако ќе се обезбедеа документите, беше назначуван правен советник кој го анализираше случајот и одлучуваше за понатамошни чекори кои требаше да се преземат пред, за време на судењето и по судењето. Правниот советник изготвуваше извештаи по однос на целокупната постапка и елабораше дали истата била спроведена во согласност со правните норми. Со судските следења му се овозможуваше на тимот да го оцени начинот на кој се третирани жртвите во правната постапка

2.4 Известување до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за инциденти и злосторства од омраза

Деталите во врска со инцидентите, како што се кус опис, датум, време и место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на надлежните, влијание врз жртвите и заедницата беа постојано приложувани во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Известувањето за инциденти и злосторства од омраза се олесни со создавање на веб-платформата за прикажување карта на злосторствата од омраза. Освен што инцидентите за злосторства од омраза можеа да се следат на интернет откако ќе се случеа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје добиваше и еден привремен и еден завршен извештај, подготвени од МХК. Овој завршен извештај ќе биде споделен со ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза на земјите членки на ОБСЕ

2.5 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-страницата – www.zlostorstvaodomraza.mk интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да добијат информации и да пријават злосторства од омраза. Страницата содржи интерактивна мапа на која се прикажани приближни локации на инцидентите. На главната страница има список на категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, таа овозможува информации во однос на начинот на кој граѓаните можат да пријават (е-апликации, твитер, електронска пошта и електронски формулар) и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и ЧПП, материјали и речник каде може да се најдат информации во врска со проектот, значењето и опсегот на злосторства од омраза, како и публикации за злосторства од омраза. Освен на македонски, страницата е достапна и на англиски и на албански јазик

2.6 Обезбедување информации и ресурси за други граѓански организации

МХК организира прес-конференција на која го претстави својот Годишен извештај за злосторства од омраза за 2014 година, во јули, 2015 г. Покана за прес-конференцијата им беше испратена на преку 50 невладини организации. Голем број претставници на невладини организации и државни институции присуствуваа на конференцијата и беа известени за можноста МХК да се користи како центар за податоци за злосторства од омраза. МХК, Метаморфозис, Младинскиот образовен форум и Македонскиот институт за медиуми (локални граѓански организации) имаат многу блиска соработка за проблеми поврзани со злосторства од омраза и говор на омраза. Во продолжение, МХК создаде фејсбук-страница (http://goo.gl/8yY5Lk), твитер-страница (https://twitter.com/HateCrimesMK) за подигнување на јавната свест за злосторствата од омраза и вклучи засебни оддели за злосторства од омраза во своите месечни извештаи за ситуацијата со човековите права во земјата кои се проследуваат до државните институции, медиуми, невладини организации, меѓународни организации и странски амбасади во земјата

2.7 Учествување во обучувања и настани организирани од ОБСЕ/ОДИХР

Со цел понатамошно подобрување на институционалното познавање злосторства од омраза, членовите на проектниот тим посетија многу обучувања и настани организирани од страна на ОБСЕ/ОДИХР во земјата и регионот на Западен Балкан (Србија, Хрватска и Црна Гора). Освен учество во обучувања и настани организирани од ОБСЕ, членовите на проектниот тим посетија и два професионални настана поврзани со злосторства од омраза во Германија

1) Достапна на: http://www.mhc.org.mk/analysis/309

3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

3.1 Контекст

Злосторства од омраза во регионот на ОБСЕ – Инциденти и одговори: Во Годишниот извештај за 2012 година се забележува дека во периодот помеѓу 2008 и 2012 г., „51 земји учесници му укажаа на ОДИХР дека собираат некакви податоци за злосторства од омраза. Поранешна Југословенска Република Македонија наведе дека воопшто не собира вакви статистички податоци.“[2] Интернет-страницата на ОДИХР за известување за злосторства од омраза во 2014 г. забележува дека „ОДИХР забележува дека Поранешна Југословенска Република Македонија не собира податоци и статистика за злосторства од омраза“[3]. Во Извештајот за напредок на Поранешна Југословенска Република Македонија изготвен од Европската комисија во 2015 г. се вели дека „собирањето податоци за пријавување, истрага и гонење (...) злосторства од омраза сè уште не е систематско.“[4] Во 2014 година МХК објави посебна анализа за злосторства од омраза регистрирани во периодот помеѓу март и декември, 2013 година.[5] Таа анализа, заедно со Годишниот извештај за злосторства од омраза за 2014 г[6]., овој извештај и веб-страницата за известување за злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.com, се први конкретни напори да се прикаже на карта, да се следи и известува за инциденти на злосторства од омраза во земјата

3.2 Број на инциденти

Во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември, 2015 година, регистрирани се вкупно 44 злосторства и инциденти од омраза. Повеќето случаи се регистрирани веднаш по нивното објавување во медиумите или од страна на Министерството за внатрешни работи, додека 4 инциденти се пријавени од набљудувачи на МХК. 31 инцидент се потврдени со помош на контакт со полицијата, преку полициски билтени, известување во медиумите и средби со жртвите. 13 од регистрираните инциденти не се потврдени, но сепак се вклучени во извештајот заради постоење пристрасни индикатори, вклучувајќи: перцепција на жртва/ сведок; коментари дадени на место на настанот; различна етничка припадност на жртвата и сторителот; модел/ зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; недостаток на други мотиви; и време и место. Поточно, непотврдените инциденти беа вклучени поради добиената информација за местото на инцидентот (на пр. во етнички мешани населби и училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници,



2) ОБСЕ/ОДИХР, Злосторства од омраза во регионот на ОБСЕ – Инциденти и одговори: Годишен извештај за 2012 година, Варшава, ноември 2013 година, стр. 16-17. Достапно на: http://tandis.odihr.pl/hcr2012/pdf/Hate_Crime_Report_full_version.pdf
3) Достапно на: http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia (види клучни опсервации на ОДИХР).
4) Европска комисија, 2015 Извештај за напредокот на Поранешна Југословенска Република Македонија, Брисел, 10 ноември 2015 година, стр. 21.
5) Достапно на: http://www.mhc.org.mk/analysis/209
6) Достапно на: http://www.mhc.org.mk/publications/309

места на кои во минатото веќе се случиле злосторства од омраза итн.), видот на инцидентот (на пр. поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како израз на освета, по завршување на училишна настава, за време или по завршување на спортски настан итн.) и имотна штета за време на инцидентот (на пр. места за извршување религиозни обреди). Непотврдените и потврдените пријави може одделно да се видат на веб-страницата за известување за злосторства од омраза. Во анексот на овој извештај, потврдените и непотврдените инциденти се потенцирани со забелешка во заграда, веднаш по насловот на инцидентот.

Споредено со инцидентите забележани во 2013 и во 2014 година, најголемата промена е во однос на жртвите, од кои сега најголем дел се бегалци и мигранти. Кон крајот на 2014 и во текот на 2015 година, земјата забележува огромен број бегалци кои транзитираат во земјата, во обид да влезат во шенгенската зона. 21 од вкупно 44 инциденти (48%) во 2014 година вклучуваат напад или кражба (вклучувајќи и вооружена кражба) врз бегалци или мигранти за време на нивното транзитирање низ земјата. Во овие инциденти, најмалку 62 (речиси 50% од сите регистрирани жртви) граѓани на Сирија, на Авганистан, на Ирак и на Мароко се почувствувале жртви на злосторства од омраза.

Друга впечатлива разлика од периодот 2013/2014 година споредено со 2015 година е фактот што во 2015 г. не е забележан ниту еден инцидент од омраза заради сексуална ориентација/родов идентитет на жртвата. Ова не мора да значи дека општеството станало потолерантно кон ЛГБТ-заедницата. Тука мора да се додаде дека државните власти потфрлија соодветно да ги истражат инцидентите во 2013 и 2014 година, а полицијата не успеа да уапси голем дел од сторителите. Неуспехот на државата да ги заштити жртвите, одбивањето на Парламентот да ја вклучи сексуалната ориентација како основа за можна дискриминација и злосторства од омраза, како и плановите на Владата уставно да го дефинира бракот како заедница исклучиво помеѓу маж и жена, имаат негативен ефект врз луѓето од ЛГБТ-заедницата кои можеби стравуваат да ги пријават злосторите сторени врз нив.

Третата огромна, но позитивна разлика е бројот на инциденти во поглед на македонската или на албанската етничка припадност на сторителите/жртвите. Во 2013 година, овие инциденти изнесуваа 84% од вкупниот број инциденти (98 од 116), додека во 2014 година, процентот беше 61% (53 од 87). Во текот на 2015 година, само 15 инциденти (34%) се случиле помеѓу Македонци и Албанци

3.3 Видови злосторства

Најголем дел од злосторствата се извршени од млади луѓе и ограбувачи. Жртвите и сторителите се најчесто со различно етничко потекло (Македонци и Албанци), додека многу жртви се со мароканско, со сириско, со ирачко и со авганистанско етничко потекло. Регистрираните инциденти се поврзани со наводни кривични дела предвидени во Кривичниот законик на земјата. Поголем дел од кривичните дела вклучуваат: насилство (21), кражба, вклучувајќи и вооружена кражба (20), телесна повреда, вклучувајќи и тешки телесни повреди (17), имотна штета (6), учество во тепачка



(2). Во продолжение, еден од инцидентите спаѓа во кривичното дело предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост на национална основа. Често кривичните дела сторени во еден инцидент исполнуваат критериуми за две или повеќе кривични дела, па оттука се и поголемиот број кривични дела, отколку инциденти претставени во ова поглавје.

3.4 Инциденти според локација

Најголем број инциденти (41%) се случиле во Скопје (општините Центар, Чаир, Гази Баба,



Карпош и Аеродром) и во скопската област. Имало 10 инциденти во Гевгелија, 6 во Куманово, по 2 во Битола и во Неготино и по 1 инцидент во Тетово, во Гостивар, во Кочани, во Крива Паланка, во Кавадарци и во Велес (сите градови со нивните градски области).

Градовите во кои се случиле најголем број од инцидентите се лоцирани долж паневропскиот коридор X. Во Скопје, најголем број инциденти вклучуваат напади помеѓу припадници на македонската и на албанската етничка заедница, додека во другите градови најголем број инциденти се случиле во близина на автопатот кој го користат бегалците на нивната рута кон Европската Унија.

3.5 Инциденти по месец



За време на август се случиле најголем број инциденти – 9 (20% од сите инциденти во годината), додека во февруари и во октомври регистриран е само по 1 инцидент.

3.6 Инциденти според пристрасна мотивација



Најголем број злосторства од омраза се случуваат поради бегалскиот или мигрантскиот статус на жртвата (48%) или различната етничка припадност на жртвата со онаа на сторителот (43%). Речиси сите инциденти вклучуваат етнички Македонци и етнички Албанци и како жртви и како сторители, и марокански, сириски, ирачки и авганистански бегалци како жртви. Политичката припадност се искачува до 11% од сите инциденти. Еден инцидент вклучува верско убедување, а уште еден попреченост како основа.

3.7 Жртви и сторители





Во текот на годината имаше минимум 125 жртви и 174 сторители на злосторства од омраза. Секогаш кога медиумите известуваа за недефиниран број (на пр. помеѓу 10 и 15) сторители, за овој извештај се користеше помалата вредност. Секогаш кога се известуваше за „група“ сторители на злосторство од омраза, за овој извештај се користеше вредноста 3 лица. Најмладата жртва е на возраст од 14 години. Во 34 од 44 инциденти, сторителите дејствувале во група. Најголемиот број жртви се бегалци или мигранти (речиси 50% од сите жртви) и машки малолетни лица со македонско државјанство. Во повеќето случаи кои вклучуваат бегалци или мигранти, медиумите и полицијата не откриваа детали по однос на државјанството. Од ноември, 2015 година, ниту еден бегалец од сириско, од авганистанско или од ирачко потекло (СИА) не беше нападнат или ограбен. Ова веројатно се должи на тоа што токму од тој месец граѓаните на овие земји се сметаа за бегалци, додека сите други националности кои пристигнуваа од Грција беа сметани за „економски мигранти“. На бегалците од Сирија, од Ирак и од Авганистан им беше дозволен влез во Транзит-центарот за бегалци во Гевгелија (привремен граничен премин со Грција) и беа транспортирани со воз до Транзит-центарот за бегалци во селото Табановце (привремен граничен премин со Србија). На оние кои не доаѓаа од овие три земји, не им беше дозволен влез во земјата, но многу од нив (повеќето Мароканци) го сторија тоа преку илегални премини

3.8 Статус на случаите



Полицијата лоцира осомничени сторители поврзани со минимум 25 од 44 инциденти. Минимум 11 други инциденти беа пријавени во полицијата и се под истрага. Со оглед на тоа што не постои база на податоци за злосторства од омраза, решените случаи беа регистрирани преку контакт со полицијата, следење на медиумите и информации добиени директно од жртвите. Немаше никаква информација во врска со статусот на случајот за 8 инциденти. Од 5 инциденти во кои пристрасниот мотив е политичка определба, 4 се сè уште под истрага. Инцидентите кои се сè уште под истрага вклучуваат жртви кои се или членови или поддржувачи на опозициските политички партии. Единствениот политички мотивиран инцидент во кој еден сторител е идентификуван вклучува жртва, член на владејачката политичка партија ВМРО-ДПМНЕ. Кривични пријави се покренати против сторител(и) во однос на 14 од регистрираните инциденти од страна на полицијата. Прекршочни пријави се покренати против сторител(и) во 4 инциденти. И кривична и прекршочна пријава е покрената во 1 инцидент, додека за 2 инцидента полицијата не нашла основ за обвинение.

4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

4.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК следеше голем број дневни весници со различна идеолошка наклонетост и политичко убедување. Следењето на електронските медиуми се правеше на дневна основа, преку најпопуларните интернет-генератори на вести (www.time.mk иwww.daily.mk), како и со користење на напредните опции за пребарување под секцијата „Вести“ на www.google.com. Штом беше забележано злосторство или инцидент од омраза, МХК го објавуваше на интернет-страницата за пријавување злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk (види активност 4.5. подолу). Спроведувајќи ја оваа активност, МХК забележа и објави 44 злосторства/инциденти од омраза во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември, 2015 година

4.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртвите

За разлика од 2013 и 2014 година кога МХК беше и контактиран од страна на жртвите на злосторства од омраза и имаше шанса да лоцира голем број жртви преку медиумите кои објавуваа такви инциденти, во 2015 година ниту една жртва не се обрати до МХК за правна помош. Сепак, МХК успеа да лоцира две жртви контактирајќи со кабелскиот ТВ оператор „Шења“. Во продолжение, МХК продолжи да му обезбедува бесплатна правна помош на г. Кочо Андоновски (првиот човек кој јавно се произнесе дека е геј во земјата) кој беше нападнат на главниот плоштад во Скопје подготвувајќи се за Петтиот марш на толеранцијата, организиран од МХК.

Постојат бројни причини за намалениот број жртви кои добиле бесплатна правна помош во 2015 година, за разлика од 2013-2014 година: 1) намален број на инциденти; 2) голем број непознати сторители; 3) ниту една жртва не се обратила до МХК; 4) жртвите кои се бегалци и мигранти ја напуштиле земјата веднаш по инцидентот; 5) жртвите не се обратиле до медиумите; 6) возможен страв повторно да станат жртви; и 7) недостаток од соодветна реакција од страна на институциите на државата во претходни случаи. Соочен со овој проблем и посакувајќи да се спроведе оваа проектна активност (т.е. да се обезбеди правна помош за жртвите во најмалку 3 инциденти, како што беше случајот во 2013-2014 година, кога правна помош им беше обезбедена на жртви во 10 инциденти), МХК испрати 78 барања за информација поврзани со инциденти до Министерството за внатрешни работи, до сите судови и до сите основни јавни обвинителства во земјата. Ова беше сторено и со цел да се дознае дали постојат инциденти на злосторства од омраза што се истражуваат или процесираат во суд (види активност 4.3. подолу) за да може МХК да биде во позиција да се сретне со жртвите и да им ги понуди своите бесплатни правни услуги. Сепак, заради прашања поврзани со приватноста, Министерството за внатрешни работи и јавните

обвинителства не ги споделија личните податоци на жртвите, а во судот се водеше само еден тековен случај во земјата. Сепак, тој случај подразбираше постапка против сторител, без жртви по случајот (за кривично дело за предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост).

1. Членови на навивачкиот клуб на Вардар, „Комити“, нападнаа Албанци од селото Батинци

Првиот инцидент во кој беше обезбедена бесплатна правна помош се случи на главниот плоштад во Скопје, на 9 август, 2015 година. По завршувањето на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Вардар и ФК Шкупи, четворица маскирани членови на навивачкиот клуб „Комити“ пристигнале на главниот плоштад каде, околу 21:45 часот, физички нападнале тројца малолетници удирајќи ги со стаклени шишиња, по што си заминале од плоштадот (за повеќе детали види Инцидент бр. 25 во Анексот, или посети го www.zlostorstvaodomraza.mk каде може да се најде посебна статија која вклучува слики и видеозапис).

Инцидентот беше објавен од кабелскиот ТВ оператор Шења, по што МХК контактира со телевизијата, се распраша за идентитетот на жртвите и ги понуди своите бесплатни правни услуги. На 17 август, 2015 година, се воспостави контакт со двете жртви кои донесоа изјави и медицински белешки. Тие изјави беа дека иако полициски службеници биле присутни на плоштадот, тие не реагирале на инцидентот. МХК подготви жалба која беше испратена до Секторот за внатрешна контрола во рамките на Министерството за внатрешни работи. Освен што ги објасни деталите за инцидентот и неактивноста на полициските службеници, МХК предложи да се испитаат видеозаписите од камерите на плоштадот со цел да се откријат сторителите. Секторот одговори дека полицијата успеала да ги обезбеди видеозаписите и дека случајот е под истрага. На 27 септември, 2015 година, Министерството за внатрешни работи преку својата веб-страница информира дека 3 од сторителите се идентификувани и приведени. Сите беа малолетни лица, на возраст од 17 години. Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава до Јавното обвинителство за кривично дело „насилство“.

2. Инцидент за време на „Маршот на толеранцијата“ во Скопје во 2012 година

Вториот инцидент во кој беше понудена правна помош се случи на 17 ноември, 2012 година. МХК го организира петтиот „Марш на толеранцијата“ за одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата. „Маршот на толеранцијата“ започна со физички напад врз двајца активисти за човековите права – едниот од нив, г. Кочо Андоновски, за време на подготовките на штандовите за невладините организации кои го поддржуваат настанот. Полицијата го уапси сторителот веднаш по инцидентот, но судењето започна во јануари, 2014 г. Пресудата беше донесена во јануари, 2015 г. Сторителот беше осуден до 7 месеци затвор од страна на првостепениот суд. Сепак, со оглед на тоа што пресудата не се однесуваше на член 39 (5) од Кривичниот законик (отежителни околности при одмерување казна поради кривично дело извршено од пристрасност), МХК подготви жалба која беше испратена до повисока судска инстанца од страна на тужителот и исто така се пожали на делот дека немало попречување на јавниот собир од свое лично име во одделна жалба. Повисоката судска инстанца ја укина првостепената одлука, наредувајќи судењето да се повтори (за понатамошни детали во врска со судењето и обезбедувањето бесплатна правна помош, види ја активноста 4.3. подолу).

4.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза и одговор од страна на судството

Со цел да се спроведе оваа активност, МХК испрати барања за информација до Министерството за внатрешни работи за речиси секој забележан инцидент. Во продолжение, беа испратени барања за 11 други инциденти кои се сметаа „сомнителни“, но не можеше да им се одреди конкретен пристрасен индикатор за да бидат регистрирани на www.zlostorstvaodomraza.mk и да се вклучат во Анексот со инциденти на злосторства од омраза. Од 47 барања испратени до Министерството, МХК доби одговори само на 45. Според одговорите, четири инциденти се регистрирани како прекршоци. Во одговорите од страна на Министерството во кои се вели дека е поднесена кривична пријава, нема информација за бројот на кривични пријави испратени до јавните обвинителства (види детали во Анексот). За анализа на одговорите, види „Статус на случаите“ подолу.

Во мај, 2015 година, МХК испрати барања за информација по однос на инцидентите на злосторства од омраза до сите 31 државни судови (26 основни, 4 апелациски и Врховниот суд) кои имаат кривична надлежност и до сите 22 јавни обвинителства. Барањата беа испратени по пошта. Судовите и обвинителствата беа замолени да достават информација во однос на закажаните, тековните и завршените постапки поврзани со злосторства од омраза за периодот помеѓу 1 март 2013 до денот на одговорот (помеѓу 5 мај и 13 јули, 2015 година).[7] Барањата беа испратени по однос на следниве типични злосторства од омраза, како што се наведени во Кривичниот законик:

1. Повреда на рамноправноста на граѓаните (член 137);
2. Излагање подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците (член 179);
3. Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (член 319);
4. Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (член 394-д);
5. Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (Член 407-а)
6. Расна и друга дискриминација (член 417); и
7. Каково било друго злосторство поради националното или социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата (член 39(5)).

Во просечен период од девет месеци, сите 31 судови и 22 јавни обвинителства ги испратија своите одговори до МХК. Подолу е анализата на одговорите:

Испратени барања:	53
Добиени одговори:	53
Позитивни одговори:	11 (4 основни судови, 1 апелациски суд, 6 ЈО)

7) Оваа активност се изведе првпат во 2013 г. Согласно одговорите добиени од јавните обвинителства и судовите за периодот од 2009 и 2013 г., имаше вкупно 14 случаи, од кои за 11 се донесе пресуда и 3 тековни (1 јавно обвинителство/истрага, 2 апелациски суда/жалба). Во тоа време немаше закажани случаи, додека највисоката изречена казна беше 5 месеци затвор.

Случаи во последните 2 години: 42 (7 основни судови, 5 апелациски судови, 30 ЈО)

Завршени случаи: 32 (5 со донесена конечна пресуда, 27 одбиени од ЈО)

Тековни случаи: 4 (3 ЈО/истрага, 1 основен суд)

Позитивни одговори беа испратени од јавните обвинителства во Битола, во Гевгелија, во Скопје, во Струга и во Тетово, основните судови во Кичево, во Скопје, во Струга и Апелацискиот суд во Гостивар. Само неколку судови споделија детали во врска со должината и/или видот на изречените казни. Кон крајот на 2015 година, МХК испрати дополнителни барања за да ги добие сите конечни пресуди во посед на судот. Пресуди и одлуки беа испратени до МХК од сите судови.

Основниот суд Скопје I достави една одлука - Одлука КС-КР.бр.1427/13 за случај кој вклучува наводна жртва, која е трансексуална личност, од кривичното дело „Повреда на рамноправноста на граѓаните“ (член 137, Кривичен законик). Жртвата се пожали дека претседателот на Комисијата за заштита од дискриминација ја прекршил нејзината рамноправност бидејќи ја потпишал одлуката прифатена од Комисијата, со која жалбата поднесена од наводната жртва во 2011 г. се отфрла. Откако поднесената кривична пријава од страна на наводната жртва до Јавното обвинителство во Скопје беше одбиена (ЈО смета дека кривичното дело не се гони по службена должност), наводната жртва продолжи со постапката во Основниот суд Скопје I преку супсидијарен обвинителен акт. Судот одлучил да го отфрли обвинителниот акт аргументирајќи дека претседателот само ја потпишал одлуката на Комисијата, додека Комисијата била тело кое може да го прифати откако внимателно ќе ги разгледа фактите.

Основниот суд во Кичево достави две одлуки - К. бр. 68/2013 и К. бр. 54/2013. Случајот К. бр. 68/2013 вклучува сторител кој направил кривично дело „Излагање подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците“ (член 179, Кривичен законик). Сторителот, граѓанин со македонско етничко потекло, во февруари, 2013 година, додека стоел на својот балкон, поради неговата ментална состојба – параноидна шизофренија, почнал да вика: „Вие сте Шиптари, вие сте ѓубре, ова не е ваше, одете си оттука“, на едно семејство со албанско етничко потекло. Неколку денови подоцна, сторителот се појавил на влезната врата од куќата на истото семејство и почнал да вика: „Шиптари не може да живеат тука, Шиптарите се валкани, напуштете ја куќата затоа што тука нема место за Шиптари, ова е македонска земја, ако не си заминете ќе ви го запалам целото семејство“. Според основниот суд во Кичево, со оваа постапка сторителот извршил кривично дело „Излагање подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците“. Судот нареди шестмесечна мерка на безбедност против сторителот, наложувајќи задолжителен третман во психијатриска установа. Случајот К. бр. 54/2013 вклучува кривична тужба поднесена од медицински доктор-асистент против четири медицински сестри. Тој тврдел дека тие сториле преку 30 кривични дела. Со оглед на тоа дека многу од тие дела носеле казна подолга од 3 години, Основниот суд во Кичево го препратил случајот до Основниот суд во Гостивар.

Основниот суд во Прилеп достави една пресуда - К. бр. 110/13 за случај кој вклучува сторител Македонец со турско потекло, вработен во основно училиште, кој во ноември,

2012 година, влегол во една од канцелариите на училиштето и бил прашан од страна на четири наставнички за нивниот превоз до училиштето. Тој тогаш одговорил викајќи: „Ќе одлучиме кој ќе ве вози“. Кога една од наставничките го замолила да не вика затоа што се во наставничка канцеларија, тој се развикал: „Ваша канцеларија? Вие ја загубивте земјата, за четири години, во Општина Долнени нема да има ниту еден Македонец“. Основниот суд во Прилеп сметал дека ова е „Расна и друга дискриминација“(член 417, Кривичен законик). Судот изрекол тригодишна условна казна која нема да се изврши доколку сторителот не стори друго кривично дело во период од една година. Последно, еден случај сè уште е во тек во Основниот суд во Струга. Случајот К. бр. 227/14 вклучува сторител обвинет за „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“ (член 319, Кривичен законик).

Поради потешкотии со прибавување податоци во врска со тековни судења поврзани со злосторства од омраза (види објаснување под активноста 4.2. погоре), МХК беше во состојба да изврши директно следење на судењето поврзано со инцидентот за време на „Маршот на толеранцијата“ во Скопје, во 2012 година. МХК го следеше судењето К. бр. 1644/13 во Скопје. Судењето вклучува сексуална ориентација како основ врз кој сторителот нападнал двајца активисти на НВО, од кои еден е г. Кочо Андоновски, програмски директор на ЛГБТИ-центарот во Скопје, на главниот плоштад во Скопје, во 2012 година. Со оглед на тоа што МХК овој случај го смета за стратешки, Комитетот успеа да обезбеди адвокат кој бесплатно ќе ги застапува жртвите. Случајот ги вклучува следниве кривични обвиненија: Насилство (гонето од Државата); Попречување јавен собир (гонето од МХК); Повреда на рамноправноста на граѓаните (гонето од г. Андоновски и други повредени активисти за човековите права). Јавното обвинителство се вклучи во случајот во 2014 година, откако го истражуваше случајот година и пол.

Откако во јануари, 2015 година, пресудата беше изречена, сторителот беше осуден од првостепениот суд на седуммесечен затвор за „Насилство и попречување јавен собир“, но обвиненијата за „Повреда на рамноправноста на граѓаните“ беа отфрлени од страна на судот. Првостепената пресуда не се однесуваше на член 39 (5) од Кривичниот законик (отежителни околности при одмерување казна поради кривично дело извршено од пристрасност), па затоа МХК подготви жалба која беше испратена до повисока судска инстанца од страна на тужителот, како и одделна жалба во име на МХК по однос на попречување јавен собир. Во декември, 2015 година, повисокиот суд преку својата пресуда КЖ-990/15 ја поништи првостепената пресуда и нареди повторување на судењето. Во своето образложение, меѓу другото, повисокиот суд изјавил дека пресудата е неразбирлива и дека првостепениот суд ќе треба да одговори на прашањата покренати во двете жалби подготвени од страна на МХК.

4.4 Известување до ОБСЕ/ОДИХР за инциденти и злосторства од омраза

Помеѓу 1 јануари и 31 декември, 2015 година, МХК регистрирал 44 злосторства/инциденти од омраза. 31 инцидент се потврдени, а 13 сè уште се непотврдени. Етничката припадност (16 инциденти), бегалскиот или мигрантскиот статус (21), политичката определба (5 инциденти) се најголемиот број основи на кои се извршени злосторствата од омраза во 2015 година. Во продолжение, 7 инциденти се случиле за време или по спортски натпревари помеѓу тимови поддржувани од македонската и

членови на албанската заедница во земјата. Жртвите и сторителите се обично членови на различни етнички групи (Македонци, Албанци, Мароканци, Сиријци, Ирачани и Авганистанци) или поддржувачи на двете најголеми политички партии во земјата (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ).

Најголем дел од наводните кривични дела вклучуваат: Насилство (21); Кражба (20); Телесна и тешка телесна повреда (17); Оштетување туѓи предмети (6). Детали во врска со инцидентите, како кус опис, датум, време и место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор од властите, влијание врз жртвите и заедницата можат да се најдат во Анексот на овој извештај, под наслов „Инциденти на злосторства од омраза во 2015 година". Во истиот анекс има и поле „пристрасни индикатори" кое е вклучено во секој поединечен инцидент. Тоа содржи податоци за: Перцепција на жртва/сведок; Коментари на местото на настанот; Разлика помеѓу жртва и сторител на етнички основ; Модел/зачестеност на претходни инциденти; Природа на насилството; Недостаток на други мотиви; Време и место. Освен што овозможува дополнителни информации во врска со инцидентите, овој дел е особено корисен за да се разбере зошто еден непотврден инцидент е вклучен во извештајот.

4.5 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com (а од 2014 година, пристапна и од www.zlostorstvaodomraza.mk) е интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да добијат информации и да пријават злосторства од омраза. Страницата содржи интерактивна мапа на која се прикажани точните или приближните локации на инцидентите. На главната страница има список на категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, таа овозможува информации во однос на начинот на кој граѓаните можат да пријават (е-апликации, твитер, електронска пошта и електронски формулар) и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и ЧПП, материјали и речник каде може да се најдат информации во врска со проектот, значењето и опсегот на злосторствата од омраза, како и публикации за злосторства од омраза. Во 2015 година, медиумите продолжија да го користат порталот како кредибилен извор, користејќи ги податоците на нивните веб-страници.

Во 2015 година, Годишниот извештај за злосторства од омраза во земјата во 2014 година, подготвен од МХК, беше закачен на порталот на македонски, на албански и на англиски јазик. За време на периодот на известување, на порталот беа закачени 44 инциденти, преку 10 слики, 4 видеозаписи и еден документ. Дефинициите за одредени злосторства и отежителните околности при одмерување казна беа обновени како што се внесуваа новите измени во основите за злосторства од омраза во Кривичниот законик во 2014 година (види Речник на веб-страницата). Во продолжение, страницата е достапна и на англиски и на албански јазик и повеќето забележани инциденти и содржината на порталот може да се читаат и на овие јазици, исто така.

4.6 Соработка со граѓански организации за подигнување на јавната свест

МХК одговори на повикот за учество во една европска неформална мрежа за жртви на злосторства од омраза, предводена од РАА Сачсен, германска НВО која работи на полето на злосторства од омраза. Две работилници беа организирани во Берлин во март и во мај, 2015 година. Темата на

работилниците беше „Упатства и стандарди за поддршка на жртвите на злосторства од омраза во Европа“. Публикација на оваа тема се очекува во март, 2016 година. Во август, 2015 година, член на проектниот тим одржа две предавања на Летната академија на Младинскиот образовен форум во Скопје. Темата на предавањата беше „Младите и полицијата“. Во декември, 2015 година, член на проектниот тим присуствуваше на конференцијата на ОБСЕ „Паралелно граѓанско општество“ во Белград, каде одржа презентација на тема „Бегалци, жртви на злосторства од омраза“ во земјата. На конференцијата присуствуваа повеќе од 100 претставници на НВО од регионот на ОБСЕ. Членови на тимот присуствуваа на други конференции и настани во странство (Црна Гора и Хрватска) и учествуваа во обуките како предавачи за судството (Скопје) и полицијата (Струмица). Во продолжение, МХК вклучи посебен дел за злосторства од омраза во своите месечни извештаи (за месеците во кои се забележани зачестени злосторства од омраза) за ситуацијата со човековите права во државата кои се проследени до државни институции, медиуми, невладини организации, меѓународни организации и странски амбасади во земјата. На крајот, МХК продолжи да ја обновува својата страница на фејсбук (http://goo.gl/8yY5Lk) за подигнување на јавната свест за злосторства од омраза, како и твитер-страницата (https://twitter.com/HateCrimesMK).

4.7. Подигнување на свеста во средните училишта во кои се регистрирани инциденти од омраза

Заедно со Институтот за човековите права и мир од Каен, Франција, МХК организира летна школа за млади, во 2015 година, во Охрид. Главниот фокус на Летната школа беше на злосторства од омраза и говор на омраза во земјата и во Франција. Заеднички предавања на експерти од земјата и од Франција им беа понудени на 20 учесници (10 од земјата и 10 од Франција) на возраст од 19 до 24 години. МХК имаше резервирано 5 места за средношколци кои учат во училиштата каде се забележани најголем број злосторства од омраза во периодот од 2013 до 2015 година. 3 од 10 места беа пополнети со кандидати од следниве такви училишта: СУГС „Панче Караѓозов“, СУГС „Марија Склодовска – Кири“ и СУГС „Арсени Јовков“.

4.8. Работна група за измени на легислативата за злосторства од омраза

Координаторот на проектот стана член на Работната група за измени на легислативата за злосторства од омраза. Освен од претставници на ОБСЕ и МХК, групата се состои и од претставници на државните институции (Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Основното јавно обвинителство во Скопје, Апелациското суд во Скопје, Комисијата за заштита од дискриминација и Македонската академија на науките и уметностите), академски претставници и НВО секторот. Пет состаноци беа одржани во Македонската академија на науките и уметностите, предводени од претседателот на Академијата. Кон крајот на 2015 година, предлог-амандманите беа презентирани на конференција на засегнатите страни во Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје. Работата на работната група беше пофалена и се постигна широка согласност помеѓу претставниците на државните институции дека такви измени се навистина неопходни, особено во однос на Кривичниот законик и подзаконските акти со кои се регулира работата на полицијата. Голем број забелешки и коментари од засегнатите страни во однос на подобрување на амандманите беа прифатени од страна на работната група и амандманите се сега во финална нацрт-верзија, подготвени да бидат предложени за усвојување од страна на Собранието.

4.9. Одбележување на 22 Јули - Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза

МХК го одбележа 22 Јули – Европскиот ден на жртвите на злосторства од омраза, организирајќи два одделни настана. Првиот настан се состоеше од прес-конференција за медиумите, додека вториот настан беше организиран во вид на придонес во Градскиот парк во Скопје. Овој настан се организира по вторпат, по првиот во 2014 година и беше насловен „Турлитава 2 – Заедно е послатко“. Настанот вклучуваше говори, музика и дружење помеѓу учесници од различни етнички потекла за време на дегустација на традиционална македонска, албанска, турска, ромска, српска, босанска и влашка храна (каква што е и турлитавата – традиционална балканска закуска).

5. ЗАКЛУЧОЦИ

- Државата не собира податоци за злосторства од омраза и иако се направени почетни подготовки од страна на судството за започнување со регистрација на овој вид злосторства, неизвесно е дали ќе се обезбедат сеопфатни и споредливи официјални податоци во блиска иднина.
- Бројот на инциденти помеѓу етнички Македонци и етнички Албанци е значително опаднат споредено со 2013 и 2014 година.
- Жртвите не сакаат нивното име да биде споменато, ниту сакаат публицитет, ниту да се обратат во државните институции, плашејќи се од реперкусии, што води до намалено пријавување и недостаток на јавна доверба во системот.
- Многу малку напори се вложуваат во превентивни мерки, вклучувајќи едукација за човековите права и подигнување на јавната свест.
- Злосторства од пристрасна мотивација сè уште не се пријавуваат, ниту истражуваат соодветно од страна на полицијата.
- Релевантните практичари почнаа да добиваат обука во поглед на препознавање и одговор на инцидентите од омраза преку Академијата за судии и јавни обвинители, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ.
- Со тоа што феноменот на злосторства од омраза не се третира како засебен проблем, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите.
- Најзасегнатите жртви беа бегалци кои транзитираат низ земјата на нивниот пат кон Европската Унија, но исто и младите во земјата.
- Злосторствата од омраза најчесто се случуваат на јавни места или долж паневропскиот коридор X.
- Неколку злосторствата од омраза се направени заради одмазда или казна за претходен инцидент и од страна на македонските и од страна на албанските млади луѓе.

6. ПРЕПОРАКИ

За време на состанокот на Советот на ЕУ за правда и внатрешни работи, одржан во Брисел на 5 и 6 декември, 2013 година, Советот ги објави заклучоците за борба против злосторствата од омраза во ЕУ. Како земја-кандидат за членство во ЕУ, државата треба да ги следи препораките содржани во заклучоците кои генерално се во согласност со препораките содржани во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 9/09: Борба против злосторства од омраза и поглед на МХК. Овие препораки беа дадени во Годишниот извештај за злосторства од омраза во 2014 година, но со оглед на тоа што државата не успеа да ги имплементира, тие се повторуваат и во овој извештај:

1. Да се земе предвид искуството на земјите-членки на ЕУ за проширување во рамките на нивното кривично законодавство, опсегот на казниви дела за злосторства од омраза и вклучување други пристрасни мотиви во овие дела.

2. Да се обезбеди навремена и ефикасна истрага и гонење злосторства од омраза, земајќи ги предвид пристрасните мотиви во текот на целата кривична постапка.

3. Да се преземат соодветни мерки за да се олесни пријавувањето злосторства од омраза од страна на жртвите и колку што е можно, исто така, да се засилат здруженија за нивна поддршка, вклучувајќи мерки за градење доверба во полицијата и другите државни институции.

4. Да се собираат и објавуваат сеопфатни и споредливи податоци за злосторства од омраза, колку што е можно, вклучувајќи го бројот на таквите инциденти пријавени од страна на полицијата и регистрирани од страна на органите на прогонот, бројот на пресуди, пристрасните мотиви на овие злосторства и казните изречени на престапниците;

6. Да се промовираат обуки за релевантни практичари кои стапуваат во контакт со жртвите на злосторства од омраза, така што ќе им се овозможи ефикасно да им помагаат на жртвите.

7. Да се подобрат превентивните мерки, меѓу другото така што ќе одразуваат сеќавање за едукација на човековите права, наставни програми по историја и соодветна обука, преземајќи чекори за едукација на јавноста за вредноста на културната различност и инклузијата и целејќи сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост;

АНЕКС

ИНЦИДЕНТИ НА ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА ВО 2015

1. Мигранти беа ограбени близу Неготино (непотврдено)

Што се случило: Шест мигранти биле ограбени од непознат сторител, кој им одзел 100 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 3 јануари, време неодредено, село Пржедво, Неготино.
Извор на информации: Електронски медиум Плусинфо.
Инволвирани жртви: Шест Авганистанци.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ)
Сторители: Еден 55-годишен маж.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (авганистански мигранти) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барањето за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднело кривична пријава против едно лице.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на лицата кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

2. Каменуван штаб на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) во Маџари, Скопје (потврдено)

Што се случило: Непознати сторители го вандализирале штабот на партијата кршејќи неколку прозорци.
Датум, време и место на инцидентот: 8 јануари, рани утрински часови, Маџари, Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Локално.
Инволвирани жртви: Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
Вид на злосторства: „Оштетување туѓи предмети“ (член 243, КЗ на РМ)
Сторители: Непознати.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:
1. Целна локација – целна локација е штабот на најголемата опозициска партија;
2. Гестови на место на настанот – по инцидентот, сторителите запалиле неколку свеќи околу просториите;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барањето за информации од јавен карактер,

Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека презема неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

3. Четворица Сиријци нападнати и ограбени близу Градско (потврдено)

Што се случило: На патот Градско–Велес, во близина на местото Венуле, неколкумина непознати сторители нападнале и ограбиле четворица Сиријци одземајќи им ги парите, мобилните телефони и сириските пасоши.
Датум, време и место на инцидентот: 21 јануари, 16:30 часот, на патот Градско–Велес, во близина на местото Венуле.
Извор на информации: Електронски медиум Република.
Инволвирани жртви: Четворица Сиријци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Насилство" (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од неколку сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигранти) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент. Сепак, тие известија преку медиумите дека преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

4. Уboди со нож во трговскиот центар Мавровка, Скопје (непотврдено)

Што се случило: Непознати сторители нападнале тројца млади луѓе од селото Арачиново и еден од Скопје нанесувајќи им уboди со нож. Сите четворица се однесени во болница каде едната жртва е дијагностицирана со тешки телесни повреди, а другите три жртви со полесни повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 26 јануари, 18:30 часот, трговски центар Мавровка, Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Плусинфо.
Инволвирани жртви: Двајца 18-годишни и еден 23-годишен маж од Арачиново, и еден 21-годишен маж од Скопје.
Вид на злосторства: „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Загрозување со опасно орудие при тепачка или каранице„ (член 133, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда" (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од тројца сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Модел на претходни инциденти – инцидентот се случил во област каде се случиле повеќе инциденти или насилни напади на злосторства од омраза во 2013 и 2014 година;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;

3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека случајот е регистриран како „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ). Сепак, кога случајот беше расветлен, МВР поднесе осум кривични пријави за сторено кривично дело „Учество во тепачка“ (член 132, КЗ на РМ). Ова значи дека кривичните пријави се поднесени и против жртвите.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

5. Тепачка и пукање во аеродром, повредено 14-годишно момче (непотврдено)

Што се случило: Двајца непознати сторители нападнале двајца 16-годишни и едно 14-годишно момче на паркиралиште зад трговскиот центар Капитол. Жртвите успеале да побегнат, но се раздвоиле. Сторителите го следеле и фатиле 14-годишното момче и повторно го нападнале. Откако тоа успеало да побегне по вторпат, сторителите се вратиле во ТЦ Капитол и испукале неколку куршуми во непознат правец. 14-годишното момче е однесено во болница каде му се дијагностицирани телесни повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 27 јануари, 2015 година, општина Аеродром, Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Мкд.
Инволвирани жртви: Двајца 16-годишни и едно14-годишно момче од Скопје.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Загрозување на сигурноста“ (член 144, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Можна разлика во етничкото потекло помеѓу сторителите и жртвите – инцидентот се случил во област населена претежно со Македонци. Сепак, медиумите јавуваат дека едно 16-годишно момче е задржано во полициската станица Бит-пазар, која има надлежност врз област населена претежно со Албанци;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека против двајца сторители се поднесени кривични пријави за кривичните дела „Насилство“ и „Загрозување на сигурноста“.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

6. Членови на навивачкиот клуб Шверцери нападнаа навивачи на ФК Скопје (потврдено)

Што се случило: По фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкупи и ФК Скопје, 10 членови на навивачкиот клуб Шверцери (ФК Шкупи) нападнале навивачи на ФК Скопје. Кога полицијата се обидела да приведе еден член на НК Шверцери, тие биле спречени од друг.
Датум, време и место на инцидентот: 28 јануари, 18:00 часот, стадион Металург, Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Плусинфо.
Инволвирани жртви: Непознат број навивачи на ФК Скопје.

Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Спречување службено лице во вршење службено дејствие“ (член 382, КЗ на РМ).
Сторители: Група од десет членови на НК Шверцери.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – членовите на НК Шверцери се Албанци, додека навивачите на ФК Скопје се претежно Македонци;
2. Време – инцидентот се случил по фудбалски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи/поддржувачи имаат различно етничко потекло, по промена на присуство на малцинството во таа област (албански навивачи во населба населена претежно со Македонци);
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени кривични пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека против двајца сторители се поднесени кривични пријави за кривично дело „Насилство“.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни на фудбалски натпревари.

7. Сириец нападнат и ограбен (непотврдено)

Што се случило: Сириец бил нападнат од две непознати лица кои му одзеле 1.600 евра. Тој е однесен во болница каде му се дијагностицирани телесни повреди и задржан е на понатамошно лекување.
Датум, време и место на инцидентот: 17 март, 19:45 часот, Неготино.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.
Инволвирани жртви: Еден Сириец.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од тројца сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигранти) која е убедливо помалубројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

8. Група млади луѓе нападнале тројца луѓе во Тетово (непотврдено)

Што се случило: Поголема група млади луѓе нападнала двајца средношколци и еден 26-годишен маж во дворот на основното училиште „Андреа Савевски-Ќиќиш“, нанесувајќи им телесни повреди во пределот на вратот и главата.
Датум, време и место на инцидентот: 19 март, 12:45 часот, во дворот на основното училиште „Андреа Савевски-Ќиќиш“, Тетово.

Извор на информации: Електронски медиум Локално.
Инволвирани жртви: Тројца млади луѓе, од кои двајца малолетници.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната голема група млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – инцидентот се случил во област населена со луѓе од мешан етнички состав;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се поднесени прекршочни пријави против шест лица.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

9. Запалено возило на активист на СДСМ во Битола (непотврдено)

Што се случило: Возилото на познат член и активист на СДСМ било запалено.
Датум, време и место на инцидентот: 14 април, 02:45 часот, ул. „Тодор Даскало“, Битола.
Извор на информации: Веб-страницата на Дневник.
Инволвирани жртви: Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
Вид на злосторства: „Оштетување туѓи предмети“ (член 243, КЗ на РМ), „Предизвикување општа опасност“ (член 288 КЗ на РМ).
Сторители: Непознати.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадности убедување, а пристрасните индикатори се:
1. Перцепција на жртвата – според изјава дадена за медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

10. Навивачи на фудбалскиот клуб Шкупи нападнале играчи на ФК Вардар (м ладинци) (потврдено)

Што се случило: Навивачи на ФК Шкупи-1927 нападнале играчи на ФК Вардар (младинци). Инцидентот се случил по фудбалскиот натпревар кога навивачите ја прескокнале безбедносната ограда и ги нападнале играчите додека го напуштале стадионот.
Датум, време и место на инцидентот: 15 април, 18:00 часот, стадион Чаир, Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.

Инволвирани жртви: Непознат број играчи на ФК Вардар (младинци).
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непознат број навивачи на ФК Шкупи.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – навивачите на ФК Шкупи се Албанци, додека играчите на ФК Вардар се претежно Македонци;
2. Време – инцидентот се случил по фудбалски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи/ поддржувачи имаат различно етничко потекло, по промена на присуство на малцинството во таа област (албански навивачи во населба населена претежно со Македонци);
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се поднесени прекршочни пријави против двајца осомничени и против правниот субјект одговорен за безбедноста за време на натпреварот.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни на фудбалски натпревари.

11. Мигранти нападнати и ограбени, еден од нив повреден (потврдено)

Што се случило: Пет луѓе кои носеле маскирни воени униформи и маски нападнале и ограбиле група од 18 мигранти. За време на разбојништвото, еден од напаѓачите користел огнено оружје и повредил една од жртвите во нога. Жртвите, сепак, успеале да го соборат напаѓачот со огнено оружје, му го одзеле оружјето и случајот го пријавиле во полиција.
Датум, време и место на инцидентот: 16 април, 01:00 часот, село Студеничани, близу Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Кајгана.
Инволвирани жртви: Осумнаесет мигранти (националност не е наведена) биле нападнати и ограбени, еден Сириец бил повреден со огнено оружје.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда“ (член 131, КЗ на РМ), „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од пет сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат, жртвата е припадник на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава за кривичното дело „Разбојништво“ и „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. Бројот на осомничени не е наведен.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

12. Уште едно запалено возило на активист на СДСМ во Битола (потврдено)

Што се случило: Возилото на познат член и активист на СДСМ било запалено.
Датум, време и место на инцидентот: 16 април, 02:30 часот, ул. „Михајло Андоновски“, Битола.
Извор на информации: Национален телевизиски медиум Телма.
Инволвирани жртви: Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
Вид на злосторства: „Оштетување туѓи предмети“ (член 243, КЗ на РМ), „Предизвикување општа опасност“ (член 288 КЗ на РМ).
Сторители: Непознати.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадности убедување, а пристрасните индикатори се:
1. Перцепција на жртвата – според изјава дадена за медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој вид инциденти ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата.

13. Претседателот на младинскиот огранок на ВМРО-ДПМНЕ во општина Центар бил киднапиран и претепан (непотврдено)

Што се случило: Тројца сторители, возејќи се во возило, нападнале пет млади луѓе (меѓу кои бил и претседателот на младинскиот огранок на ВМРО-ДПМНЕ во општина Центар). Откако четворица од нив успеале да побегнат, напаѓачите го фатиле претседателот на младинскиот огранок, продолжиле да го тепаат, сосила го внеле во возилото и го возеле кус временски период околу населбата фотографирајќи го во возилото.
Датум, време и место на инцидентот: 18 април, 02:00 часот, Општина Центар, Скопје.
Извор на информации: Национален електронски медиум Курир.
Инволвирани жртви: Пет млади луѓе биле нападнати, еден од нив тешко претепан и противправно лишен од слобода на кус временски период.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Противправно лишување од слобода“ (член 140, КЗ на РМ).
Сторители: Тројца мажи.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност и убедување, а пристрасните индикатори се:
1. Перцепција на сведокот – неколку медиуми објавија дека напаѓачите биле членови и активисти на СДСМ;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност, направени се фотографии од жртвата за време на инцидентот;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни пријави.
Одговор на локалните власти: МВР одговори на барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот дека се поднесени прекршочни пријави за физички напад. Иако неколку

медиуми објавуваа дека МВР ќе поднесе кривични пријави и за лишување од слобода, до моментот на пишување на овој извештај, Комитетот нема такви информации.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој вид инциденти ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата.

14. Мигранти нападнати со нож (потврдено)

Што се случило: Во дворот на џамијата, тројца луѓе нападнале и ограбиле еден Авганистанец. Жртвата се здобила со тешки телесни повреди, а напаѓачите му го одзеле мобилниот телефон и околу 400 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 15 мај, 02:00 часот, џамијата во село Лојане, Куманово.
Извор на информации: Електронски медиум Кумановски муабети.
Инволвирани жртви: Еден Авганистанец.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда" (член 131, КЗ на РМ), „Насилство" (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Група од тројца сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (авганистански мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против тројца осомничени за кривичното дело „Разбојништво".
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

15. Двајца Сиријци ограбени во Градскиот парк во Куманово (потврдено)

Што се случило: Пет непознати сторители нападнале и ограбиле двајца Сиријци. Напаѓачите одзеле рачен часовник и 500 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 15 мај, 19:00 часот, Градски парк, Куманово.
Извор на информации: Електронски медиум А1он.
Инволвирани жртви: Двајца Сиријци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Насилство" (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од пет сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер,

Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против петмина осомничени за кривичното дело „Разбојништво“.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

16. Средношколец–матурант нападнат поради веење на државното знаме (потврдено)

Што се случило: Неколку сторители нападнале средношколец–матурант и негов пријател затоа што тие го ставиле државното знаме во салата на хотел Континентал каде ученикот ја славел својата матура. По прославата, таткото на матурантот дошол да го одвезе својот син дома. По патот, нивното возило најнапред било следено од возило „Мерцедес“. Веднаш потоа, тие биле принудно сопрени од возило „Ауди“. Од „Аудито“ излегле неколку луѓе со дрвени палки и заканувајќи им се дека ќе употребат огнено оружје, го оштетиле возилото. За време на нападот, тројца од жртвите се здобиле со полесни повреди од скршено стакло.
Датум, време и место на инцидентот: 25 мај, 022:30 часот, Скопје.
Извор на информации: Национален електронски медиум мкд-њуз.
Инволвирани жртви: Вкупно четворица – двајца од нив нападнати во хотел Континентал, а уште двајца кога се возеле во возилото на жртвата.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ), „Оштетување туѓи предмети“ (член 243, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
2. Претпоставена разлика во етничкото потекло – жртвите ја промовирале својата националност (поставување знаме) за време на инцидентот;
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни и кривични пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се поднесени прекршочни пријави против двајца луѓе за напад пред хотелот, а кривични пријави се поднесени против тројца луѓе за кривичното дело „Насилство“ во вториот инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

17. Сириски мигранти нападнати и ограбени близу Гевгелија (потврдено)

Што се случило: Пет Сиријци, откако нелегално ја преминале границата, биле нападнати од седум или осум непознати сторители во селото Смоквица. Напаѓачите одзеле 1.000 евра и три мобилни телефони од жртвите.
Датум, време и место на инцидентот: 28 мај, 01:30 часот, село Смоквица, Гевгелија.
Извор на информации: Електронски медиум Кајгана.
Инволвирани жртви: Пет Сиријци.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ), „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ).

Сторители: Непозната група од 7 до 8 сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против седуммина осомничени за кривичното дело „Разбојништво".
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

18. Мигранти киднапирани и држени во Ваксинце (потврдено)

Што се случило: Во селото Ваксинце, откриена е куќа каде се чувале заробени мигранти. Голем број луѓе се чувале во неколку мали, но преполнети соби. Тие не биле во можност да побегнат заради вооружените луѓе кои ги обезбедувале просториите. Од мигрантите било изнудувано да плаќаат за својата слобода, по што им било дозволено да продолжат кон Србија пеш.
Датум, време и место на инцидентот: Неозначен период во мај и јуни, село Ваксинце, близу Куманово.
Извор на информации: Медиум Ченл 4, Велика Британија.
Инволвирани жртви: Голема група мигранти.
Вид на злосторства: „Грабнување" (член 141, КЗ на РМ), „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната голема група сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (странски мигранти) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска и албанска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на пристрасно мотивирано насилство врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривични пријави против четворица осомничени за кривичното дело „Криумчарење мигранти" (член 418-б, КЗ на РМ).
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

19. Инцидент на кошаркарскиот натпревар помеѓу младинските тимови на Фени индустри и Шкупи (потврдено)

Што се случило: По првото полувреме на натпреварот, кога вториот судија досудил техничка грешка, сите играчи и асистентот на тренерот на КК Шкупи влегле на теренот и сакале да го нападнат судијата. Делегатот на Македонската кошаркарска федерација го завршил натпреварот и побарал од полицијата да ги испрати судиите во соблекувалната. За време на инцидентот, играчите на Шкупи фрлале пластични шишиња кон публиката. По инцидентот, сите членови на КК Шкупи биле испратени до Скопје. Сепак, друг медиум објавува дека полицијата за време на интервенцијата повредила двајца кошаркари и уште едно албанско момче. Според овој медиум, преку 200 навивачи на КК Фени го изразиле својот бес преку националистичка и расна омраза.
Датум, време и место на инцидентот: 9 јуни, 17:00 часот, Кавадарци.
Извор на информации: Електронски медиум Спорт365 и Журнал.
Инволвирани жртви: Еден судија, можни жртви помеѓу играчите на Шкупи и нивните навивачи (од страна на полициските сили).
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непознат број навивачи на КК Шкупи.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – навивачите и најголем број играчи на КК Шкупи се Албанци, додека играчите и навивачите на КК Фени индустри се претежно Македонци;
2. Време – инцидентот се случил по кошаркарски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи/поддржувачи имаат различно етничко потекло, по промена на присуство на малцинството во таа област (албански играчи и навивачи во населба населена претежно со Македонци);
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека ПС ОН Кавадарци контактирале со ПС ОН Бит-пазар и побарале да им се јават на сторителите и да им поднесат прекршочни пријави. Сепак, нема информации дали осомничените се пронајдени или дали им се поднесени прекршочни пријави.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни на спортски натпревари.

20. Возило на потпретседателката на СДСМ беше вандализирано во Скопје (непотврдено)

Што се случило: Додека потпретседателката на СДСМ учествувала во дебата, непознат(и) сторител(и) ѝ го вандализирале возилото дупчејќи ги гумите со остар предмет. Таа инцидентот го пријавила во полиција.
Датум, време и место на инцидентот: 22 јуни, 14:00 часот, општина Центар, Скопје.
Извор на информации: Веб-страница Фокус.
Инволвирани жртви: Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
Вид на злосторства: „Оштетување туѓи предмети“ (член 243, КЗ на РМ).

Сторители: Непознати.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадности убедување, а пристрасните индикатори се:
1. Перцепција на жртвата – според изјава дадена за медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
2. Време – инцидентот се случил додека жртвата ја промовирала политичката група за која таа е определена (учество во дебата во живо);
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој вид инциденти ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата.

21. Напаѓачи нападнале и ограбиле мигрант во Куманово (потврдено)

Што се случило: Две непознати лица му понудиле на еден Сириец превоз до Србија. Наскоро им се приклучило и трето лице. Тогаш, еден од сторителите извадил метална шипка и почнал да ја удира жртвата по грбот, по што му го украле ранецот во кој имало три мобилни телефони и поголема количина пари (евра и долари). Потоа, жртвата ја оставиле на патот и се упатиле во непознат правец.
Датум, време и место на инцидентот: 29 јуни, 18:00 часот, населба Карпош, Куманово.
Извор на информации: Електронски медиум Кумановски муабети.
Инволвирани жртви: Еден Сириец.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ), „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од тројца сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против непознат сторител за кривичното дело „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ).
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

22. Ограбен сириски мигрант (потврдено)

Што се случило: Еден маж украл два ранци кои му припаѓале на еден Сириец додека чекал да ја изјасни својата намера за барање азил.
Датум, време и место на инцидентот: 4 јули, 18:00 часот, Градски парк, Гевгелија.
Извор на информации: Дневен билтен на МВР.
Инволвирани жртви: Еден Сириец.
Вид на злосторства: „Кражба" (член 235, КЗ на РМ).
Сторители: Еден сторител, машко лице.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент. Сепак, тие известија преку медиумите дека преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

23. 3.000 евра украдени од мигранти (потврдено)

Што се случило: Четворица Ирачани биле пресретнати со возило во кое имало три лица. Сторителите ги ограбиле жртвите заканувајќи се со огнено оружје и им одзеле околу 3.000 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 16 јули, 03:45 часот, село Негорци.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.
Инволвирани жртви: Четворица Ирачани.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од тројца сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (ирачки мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против непознат сторител за кривичното дело „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

24. Двајца мигранти ограбени во Гевгелија (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти од Сирија и од Ирак биле ограбени од страна на двајца непознати сторители во близина на Железничкиот мост во Гевгелија. Сторителите им ги одзеле мобилните телефони, околу 800 евра и пасошите .
Датум, време и место на инцидентот: 2 август, 05:30 часот, во близина на Железничкиот мост во Гевгелија.
Извор на информации: Електронски медиум скај мк.
Инволвирани жртви: Еден Сириец и еден Ирачанец.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (сириски и ирачки мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против непознат сторител за кривичното дело „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ).
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

25. Членови на навивачкиот клуб Комити нападнале група луѓе на плоштадот “Македонија” во Скопје (потврдено)

Што се случило: По фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкупи и ФК Вардар, дваесетина членови на навивачкиот клуб Комити (ФК Вардар) нападнале група луѓе на плоштадот “Македонија”, откако рекле дека плоштадот не е место за Албанци, нанесувајќи им тешки повреди на жртвите.
Датум, време и место на инцидентот: 9 август, 21:00 часот, плоштадот “Македонија”, Скопје.
Извор на информации: Медиум Алсат-М.
Инволвирани жртви: Десетина Албанци, вклучувајќи и жени.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда“ (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Дваесетина членови на НК Комити.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – членовите на НК Комити се Македонци, додека жртвите се Албанци;
2. Време – инцидентот се случил по фудбалски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи/поддржувачи имаат различно етничко потекло;
3. Коментари на местото на настанот – за време на инцидентот, сторителите рекле дека плоштадот “Македонија” не е место за Албанци;

4. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени кривични пријави против двајца сторители.
Одговор на локалните власти: МВР соопшти преку медиумите дека поднеле кривични пријави против двајца осомничени за кривичното дело „Насилство". Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за целосно расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни или во близина на спортски натпревари.

26. Членови на навивачкиот клуб Комити нападнале двајца Албанци кои живеат во Белгија (непотврдено)

Што се случило: По фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкупи и ФК Вардар, непознат број членови на навивачкиот клуб Комити (ФК Вардар) нападнале двајца Албанци кои живеат во Белгија.
Датум, време и место на инцидентот: 9 август, неозначено време (по 21:00 часот), Сити мол, Скопје.
Извор на информации: Медиум Република.
Инволвирани жртви: Двајца Албанци, машки лица.
Вид на злосторства: „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда" (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Непознат број членови на НК Комити.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент кој се случил за време на спортски настан, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – членовите на НК Комити се Македонци, додека жртвите се Албанци;
2. Време – инцидентот се случил по фудбалски натпревар помеѓу клубовите чии навивачи/поддржувачи имаат различно етничко потекло;
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознато.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека немаат информација за конкретниот случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата и безбедноста на луѓето присутни или во близина на спортски натпревари.

27. Нападнати две 17-годишни момчиња (непотврдено)

Што се случило: Непозната група луѓе нападнала двајца машки малолетници без каков било мотив или причина, нанесувајќи им повреди на главите и телата.
Датум, време и место на инцидентот: 12 август, 00:10 часот, ул. „Црвена општина", Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум мкд мк.
Инволвирани жртви: Двајца машки малолетници.
Вид на злосторства: „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група луѓе.

Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле писмена пријава до Јавното обвинителство.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

28. Претепани две момчиња во близина на трговскиот центар Мавровка (непотврдено)

Што се случило: Група непознати сторители нападнала две момчиња без каков било мотив или причина.
Датум, време и место на инцидентот: 12 август, 01:00 часот, во близина на трговскиот центар Мавровка, Скопје.
Извор на информации: Медиум Телма.
Инволвирани жртви: Двајца млади луѓе, од кои едниот е малолетник.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

29. Разбојништво во Гевгелија: Сириски мигранти ограбени од вооружена група (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти од Сирија биле ограбени од вооружена група од двајца мажи и една жена во паркот Виолета во Гевгелија. Сторителите одзеле мобилни телефони и пари.
Датум, време и место на инцидентот: 13 август, 04:00 часот, парк Виолета во Гевгелија.
Извор на информации: Медиум Сител.
Инволвирани жртви: Двајца Сиријци.
Вид на злосторства: „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца непознати мажи и една жена.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:

1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава против непознати сторители.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава против непознати сторители.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

30. Нападнати Македонци, помешани со сириски мигранти (потврдено)

Што се случило: Двајца сторители од Велес се обиделе да ограбат двајца македонски малолетници, но запреле со разбојништвото кога жртвите проговориле на македонски јазик. Подоцна, еден од сторителите украл торба од еден Сириец, по што почнал да бега. Кога забележал дека го брка група мигранти, тој испукал еднаш во воздух со пиштол на гас.
Датум, време и место на инцидентот: 15-16 август, 11:30-04:00 часот, во Гевгелија.
Извор на информации: Електронски медиум телеграф мк.
Инволвирани жртви: Еден Сириец и двајца Македонци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Тешка кражба" (член 236, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца машки сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (сириски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривична пријава за кривичното дело „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

31. Мигрант од Авганистан претепан и ограбен близу Куманово (потврдено)

Што се случило: Мигрант од Авганистан бил ограбен од двајца вооружени машки сторители. За време на разбојништвото, напаѓачите ја удриле жртвата во главата со пиштол. Сторителите му го одзеле ранецот во кој имало 1.200 евра и два мобилни телефони.
Датум, време и место на инцидентот: 25 август, 18:00 часот, Шупљи камен, во близина на Куманово.
Извор на информации: Електронски медиум Кумановски муабети.
Инволвирани жртви: Еден Авганистанец.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ).

Сторители: Двајца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (авганистански мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесени кривични пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле кривични пријави за кривичното дело „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ) против четворица сторители.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

32. Момче прободено со нож близу споменикот Филип II во Скопје (потврдено)

Што се случило: Група од 4 до 5 непознати сторители нападнала три момчиња. Една од жртвите била прободена со нож. Комитетот контактира со жртвите и потврди дека немало каков било мотив или причина за нападот и дека напаѓачите биле Албанци, а жртвите Македонци.
Датум, време и место на инцидентот: 13 септември, 03:00 часот, ул. „Црвена општина", Скопје.
Извор на информации: Медиум Репортер, комуникација со жртвите.
Инволвирани жртви: Тројца млади мажи.
Вид на злосторства: „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда" (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од 4 до 5 машки Албанци.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Перцепција на жртва – жртвите гледаат на инцидентот како пристрасно мотивиран;
2. Разлика во етничкото потекло – сторителите се Албанци, а жртвите Македонци;
3. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

33. Претепани две момчиња пред средно училиште во Гостивар (непотврдено)

Што се случило: Група од десетина непознати сторители нападнала 16-годишно момче пред средното училиште „Живко Брајковски" во Гостивар. Едно 22-годишно машко лице се обидело да се вмеша и да ја одбрани жртвата, но напаѓачите го нападнале и него. 16-годишното момче имал полесни, а 22-годишникот потешки повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 15 септември, 21:00 часот, пред средното училиште „Живко Брајковски" во Гостивар.

Извор на информации: Медиум Телма.
Инволвирани жртви: Двајца млади луѓе, од кои едниот е малолетник.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда“ (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од десетина млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – инцидентот се случил во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни пријави.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека поднеле прекршочни пријави против тројца сторители.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

34. Претепани двајца средношколци (непотврдено)

Што се случило: Група од петнаесетина непознати сторители двајца средношколци на автобуска станица без каков било мотив или причина. По нападот, сторителите се качиле во автобус бр. 55.
Датум, време и место на инцидентот: 2 октомври, 20:00 часот, автобуска станица во центарот на Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум локално мк.
Инволвирани жртви: Двајца малолетници.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од петнаесетина млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Претпоставена разлика во етничкото потекло – по инцидентот, сторителите се качиле во автобус бр. 55 кој транзитира во област населена од луѓе со мешан етнички состав;
2. Природа на насилството – *инцидентот се случил во јавност;*
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

35. Двајца мигранти ограбени кај Табановце (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти биле ограбени кај Табановце од страна на вооружена група непознати сторители која им се заканувала со пиштоли и ножеви. Напаѓачите им ги одзеле сите лични работи и пари. Инцидентот го посведочил набљудувач од МХК кој бил присутен на местото на настанот.

Датум, време и место на инцидентот: 1 ноември, 22:00 часот, кај граничниот премин Табановце.
Извор на информации: Набљудувач од МХК.
Инволвирани жртви: Двајца мигранти со непознато етничко потекло.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (странски мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на случајот и дека тие утврдиле дека настанот се случил зад граничната линија на РМ, на територија на Република Србија и затоа МВР нема надлежност во случајот.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

36. Демолиран верски објект по протест во Крива Паланка (потврдено)

Што се случило: По масовен протест во Крива Паланка наречен „Против исламизација на Крива Паланка", пред исламски верски објект група непознати сторители демолирала објект испишувајќи графити со христијански пораки на местото на настанот.
Датум, време и место на инцидентот: 6 ноември, време непознато, во Крива Паланка.
Извор на информации: Електронски медиум фактор мк.
Инволвирани жртви: Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.
Вид на злосторства: „Оштетување туѓи предмети" (член 243, КЗ на РМ), „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост" (член 319, КЗ на РМ).
Сторители: Група непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е верска припадностили убедување, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во верската припадност – верската припадност на сторителите и жртвите се разликуваат; целта е исламски верски објект, а сторителите се христијани;
2. Графити оставени на местото на настанот – сторителите оставиле графити со христијанска содржина на местото на настанот;
3. Модел на претходни инциденти – инцидентот се случил по масовен антиисламски протест;
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент. Сепак, тие известија преку медиуми дека преземаат неопходни мерки за расветлување на овој случај.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различни верски заедници во земјата.

37. Двајца Срби прободени со нож во Старата чаршија во Скопје (потврдено)

Што се случило: Двајца Срби (навивачи на кошаркарскиот клуб Црвена Ѕвезда биле претепани и прободени со нож од страна на група од 15 до 20 Албанци во Старата чаршија без каков било мотив или причина.
Датум, време и место на инцидентот: 9 ноември, 21:00 часот, во Старата чаршија во Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Телеграф рс.
Инволвирани жртви: Двајца Срби.
Вид на злосторства: „Насилство" (член 386, КЗ на РМ), „Тешка телесна повреда" (член 131, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група од 15 до 20 машки Албанци.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – жртвите се Срби, а сторителите Албанци;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност;
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека се преземаат неопходни мерки за расветлување на случајот.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу различни заедници во земјата и безбедноста на странски туристи.

38. Двајца Мароканци ограбени близу Катланово (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти од Мароко биле ограбени од страна на непозната вооружена група сторители во близина на Катланово. Сторителите одзеле околу 300 евра и два пасоша.
Датум, време и место на инцидентот: 22 ноември, 19:40 часот, во близина на Катланово.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.
Инволвирани жртви: Двајца Мароканци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Тројца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (марокански мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Истрагата е запрена.
Одговор на локалните власти: Одговарајќи на барање за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешни работи (МВР) одговори дека го разјасниле случајот и одлучиле да не поднесуваат пријава поради различни изјави на жртвите.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

39. Нападнати мигранти близу Гевгелија (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти од Мароко биле нападнати и ограбени од страна на седуммина непознати сторители во близина на Гевгелија. Сторителите ги пресретнале жртвите со две возила, се претставиле како полициски службеници и почнале да ги тепаат и ги ограбиле одземајќи им 400 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 3 декември, 08:00 часот, во близина на Гевгелија.
Извор на информации: Теренски набљудувач на МХК.
Инволвирани жртви: Двајца Мароканци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Седуммина непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (мароканци мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Инцидентот е пријавен кај локалните власти.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

40. Тројца луѓе претставувајќи се како полициски службеници ограбиле двајца мигранти близу Гевгелија (потврдено)

Што се случило: Двајца мигранти од Мароко биле претепани и ограбени од страна на тројца непознати сторители во близина населото Смоквица, Гевгелија. Сторителите се претставиле како полициски службеници и почнале да ги тепаат со бејзбол-палки, закануваќи им се со електрошок-пиштоли и ги ограбиле одземајќи им 600 евра и два мобилни телефони.
Датум, време и место на инцидентот: 7 декември, 22:00 часот, во близина на селото Смоквица, Гевгелија.
Извор на информации: Електронски медиум Кумановски муабети.
Инволвирани жртви: Двајца Мароканци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ), „Телесна повреда" (член 130, КЗ на РМ).
Сторители: Тројца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (мароканци мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Поднесена кривична пријава.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на

барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент. Сепак, тие известија преку медиумите дека поднеле кривична пријава.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

41. Групна тепачка во автобус бр. 64 (потврдено)

Што се случило: Група од десетина луѓе влегла во тепачка во државниот автобус бр. 64. Според очевидците, во тепачката учествувале две групи, Македонци и Албанци. Полицијата интервенирала и ги притворила учесниците.
Датум, време и место на инцидентот: 15 ноември, 20:00 часот, автобус бр. 64, Карпош I, во Скопје.
Извор на информации: Електронски медиум Плусинфо мк.
Инволвирани жртви: Непозната група млади луѓе.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ), „Учество во тепачка“ (член 132, КЗ на РМ).
Сторители: Непозната група млади луѓе.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – според очевидците, во тепачката учествувале две групи, Македонци и Албанци;
2. Природа на насилството – инцидентот се случил во јавност.
Статус на случајот: Непознато.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

42. Претепано и ограбено лице со попреченост (потврдено)

Што се случило: Еден таксист, откако собрал патник со попреченост, им се јавил на двајца другари и ја принудиле жртвата да им купи пијалаци, да пушат марихуана и го претепале и ограбиле одземајќи му 6.500 денари.
Датум, време и место на инцидентот: 22 декември, непознато време, во близина на село Оризари, Кочани.
Извор на информации: Медиум Сител.
Инволвирани жртви: Едно машко лице со попреченост.
Вид на злосторства: „Насилство“ (член 386, КЗ на РМ), „Телесна повреда“ (член 130, КЗ на РМ), „Разбојништво“ (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Тројца мажи.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е попреченоста на жртвата, а пристрасниот индикатор е:
1. Природа на насилството – инцидентот се случил кога таксистот забележал дека жртвата е лице со попреченост и им се јавил на двајца други сторители.
Статус на случајот: Пријавено кај локалните власти, статусот е непознат.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.

Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на лицата со попреченост во областа.

43. Ограбени тројца Мароканци близу село Грчиште, Валандово (потврдено)

Што се случило: Тројца мигранти од Мароко биле ограбени од страна на петмина непознати вооружени сторители во близина на селото Грчиште, Валандово. Најпрвин, едно лице се понудило да ги одвезе до границата за компензација од 130 евра, по што се приближиле четворица други и заплашувајќи ги со огнено оружје, им ги одзеле ранците и еден мобилен телефон.
Датум, време и место на инцидентот: 25 декември, 08:00 часот, во близина на селото Грчиште, Валандово.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.
Инволвирани жртви: Тројца Мароканци.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Петмина непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвите се разликуваат; жртвите се припадници на група (мароканска мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.
Статус на случајот: Случајот е пријавен кај локалните власти, статусот е непознат.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.

44. Ограбен мигрант од Мароко близу село Грчиште, Валандово (потврдено)

Што се случило: Еден мигрант од Мароко бил ограбен од страна на двајца непознати сторители во близина на селото Грчиште, Валандово. Најпрвин, сторителите се понудиле да го одвезат до границата, по што го удриле по главата во возилото и му побарале пари одземајќи му 400 евра.
Датум, време и место на инцидентот: 25 декември, 13:00 часот, во близина на селото Грчиште, Валандово.
Извор на информации: Електронски медиум Макфакс.
Инволвирани жртви: Еден Мароканец.
Вид на злосторства: „Разбојништво" (член 237, КЗ на РМ).
Сторители: Двајца непознати сторители.
Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничко потекло, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:
1. Разлика во етничкото потекло – етничкото потекло на сторителите и жртвата се разликуваат; жртвата е припадник на група (мароканска мигрант) која е убедливо помалобројна од припадници на друга група (македонска популација) во областа каде се случил инцидентот;
2. Модел на претходни инциденти – овој инцидент е последен од растечкиот тренд на кражби и напади врз мигранти.

Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на локалните власти: До моментот на пишување на овој извештај, МВР не одговори на барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент. Сепак, тие известија преку медиумите дека преземаат неопходни мерки за расветлување на случајот.
Влијание врз жртвите и заедницата: Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на мигрантите кои влегуваат и поминуваат низ земјата.